## Прашања и одговори

Прв повик за доделување грантови на граѓански организации кои дејствуваат како промотори на слободата на изразување во локалните заедници

Референтен број на проектот: IPA/2017/393-661

| **Прашање** | **Одговор** |
|---|---|
| Во врска со Повикот за регрантирање, би сакала да добијам информација - дали непрофитна организација формирана во втората половина на 2017 година (притоа првите активности и проекти започнуваат во 2018 година) би можела да аплицира?<br><br>Со оглед на тоа што нашето здружението е формирано во 2017 година, дали имаме право да учествуваме на повикот за мали грантови? | Во однос на вашето прашање, првиот критериум наведен во повикот е: Организациите да се основани во државата и регистрирани како здружение на граѓани најмалку 2 години пред објавувањето на овој повик.<br><br>Повикот беше објавен на 30ти октомври 2018, па според тоа организациите кои ќе конкурираат потребно е да биле регистрирани најдоцна до 30ти октомври 2016 година. Во овој случај организација формирана во 2017 не ги исполнува условите за да поднесе апликација. |
| Во пресрет на повикот за доделување грантови на граѓански организации кои дејствуваат како промотори на слободата на изразување во локалните заедници во склоп на Проектот за младинско изразување „Youth Expression Project“ финансиран од ЕУ како еден од критериумите за кандидатите кои ги имате наведено е и критериумот дека организацијата која аплицира за грантот треба да биде постара од 2 (две) години, според ова ние би сакале да Ве прашаме дали има можност да аплицираат две партнер-организации каде што само едната организација би била постара од 2 години? Односно дали може две организации кои соработуваат да аплицираат за грантот и заедно да го реализираат проектот, секако доколку биде прифатен од ваша страна? | Во однос на вашето прашање, првиот критериум наведен во повикот е: Организациите да се основани во државата и регистрирани како здружение на граѓани најмалку 2 години пред објавувањето на овој повик;<br><br>Повикот беше објавен на 30ти октомври 2018, па според тоа организациите кои ќе конкурираат потребно е да биле регистрирани најдоцна до 30ти октомври 2016 година.<br><br>Овој критериум се однесува и на организацијата носител и на евентуалните партнери. Доколку некоја од организациите кои партнерски аплицираат е регистрирана пред помалку од 2 години од денот на објавување на повикот тоа ја прави целата апликација неподобна. |

| | |
|---|---|
| При буџетирањето, дали со некоја буџетска ставка може да се покрие видео опрема? Опремата би се состоела од камера/апарат, држач и микрофони. Проценетата вредност на опрема од среден квалитет е околу 700 евра.<br><br>И уште едно прашање, кога е најран датум за одпочнување на активностите предвидени во овој проект? | Во поглед на Вашето прашање за буџетирање средства за видео опрема, во самиот повик за ре-грантирање се наведени сите трошоци кои проектот не ги покрива, како што е опрема. Во делот *4.3. Трошоци кои не ги покрива проектот со реден број 7* се наведени – *недвижнини, мебел, возила, <u>опрема,</u> градежни работи, реконструкција на градежни објекти.*<br><br>Во поглед на прашањето за најран датум за почеток на активностите, сакаме да споделиме дека почетокот на активности може да се планирате од почетокот на наредната календарска година 2019. |
| Нашето здружение има активен проект, финансиски поддржан од [друг донатор]. Проектот ќе се реализира во нашата држава и Србија, Косово, Албанија и Босна и Херцеговина.<br><br>Ве молам дали има простор и дозволуваат правилата на проектот да аплицираме со цел да направиме мечирање на средствата со постојаните донатори во поглед на покривање на дел од фазите за реализација во земјата и надвор?<br>Дали регионални интервенции може да бидат предмет на разгледување и давање поддршка? | Во поглед на вашето прашање за ко-финансирање на активности кои се дел од друг проект, во самиот повик за доделување грантови во делот 4.3 – <u>Трошоци кои не ги покрива проектот</u> наведено е дека *трошоците кои се финансирани од друг проект или донатор, односно финансирање на проекти кои се во тек или се завршени не би можело да се покрие од овој проект*.<br><br>Дополнително што се однесува на вашето второ прашање, самиот повик е наменет за локални активности, оттаму не би препорачале концепти кои се однесуваат на регионални интервенции. |
| 1. Дали завршни сметки за 2016 и 2018 ќе бидат прифатени како годишни финансиски извештаи?<br>2. Дали при пополнување на буџетската рамка, обучувачите кои што ги планираме за водачи на фокус групи и други надворешни соработници влијаат на процентот на хонорар на тимот кој што ќе го води проектот или тоа е независно ?<br>3. Дали хонорарите за обучувачите на работилници и тренизни да ги напишеме во точка 3.1 како трошок за работилница или истите спаѓаат во категорија надворешни експерти ? | Во поглед на првото прашање кое го имате наведено - Завршни сметки за 2016 и 2017 може да се сметаат како финансиски извештај.<br><br>Што се однесува второто и третото прашање - Надоместоците за предавачите, водачите на фокус групи и надворешни соработници треба да се вкалкулираат во трошоци за проектна акција, што би значело дека тие влегуваат во трошок за активностите кој не се засметува во процентот на хонорари на тимот кој би го водел проектот. |